**20181001893**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/17) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.5.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/18) во делот I, износот „2.132.000.000,00“ се заменува со износот „2.122.000.000,00“ и износот „320.000.000,00“ се заменува со износот „310.000.000,00“.

II

Во делот II, став (1) во воведната реченица износот „1.986.200.000,00“ се заменува со износот „1.982.200.000,00“.

Во табелата, мерката 214 се менува и гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **214** | **XV** | **Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина** | **10.000.000,00** |
| | | активносги за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви | 4.000.000,00 |
| | | воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток | 4.000.000,00 |
| | | зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец и бивол - домашен бивол) | 2.000.000,00 |

Во „ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ“ износот „1.986.200.000,00“ се заменува со износот „1.982.200.000,00“.

Во ставот (2), во воведната реченица износот „124.480.000,00“ се заменува со износот „118.480.000,00“.

Во табелата во мерката 1 износот „94.480.000,00“ се заменува со износот „88.480.000,00“.

Во подмерката 1.1 износот „26.000.000,00“ се заменува со износот „33.000.000,00“.

Во подмерката 1.2 износот „4.000.000,00“ се заменува со износот „6.000.000,00“.

Во подмерката 1.4 износот „500.000,00“ се заменува со износот „1.000.000,00“ .

Во подмерката 1.5 износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „6.000.000,00“ .

Во подмерката 1.6 износот „6.000.000,00“ се заменува со износот „3.000.000,00“ .

Во подмерката 1.7 износот „6.000.000,00“ се заменува со износот „3.000.000,00“.

Во подмерката 1.8 износот „40.980.000,00“ се заменува со износот „27.480.000,00“.

Во „ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ“ износот „124.480.000,00“ се заменува со износот „118.480.000,00“.

III

Во делот VI, во ставот (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„ - набавка на високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата Буша), педигрирани машки и женски приплодни грла овци, педигрирани машки и женски приплодни грла кози и педигрирани свињи (нерези и назимки) оригинали или хибриди од увоз или со потекло од признаени организации согласно Законот за сточарство;“

Во ставот( 2) по зборовите „2018 година“ точката се брише и се додаваат зборовите „како и до 30.06.2018 година“

Во ставот( 3) по зборовите „2018 година“ точката се брише и се додаваат зборовите „како и до 30.06.2018 година“

Во ставот (5) по зборовите „2018 година“ точката се брише и се додаваат зборовите „како и до 1.10.2018 година“.

IV

Во делот XIII став (1) во алинејата 1 процентот „80%“ се заменува со процентот „100%“, а зборот „бруто“ се заменува со зборот „нето.“

Во алинејата 2 процентот „40%“ се заменува со процентот „60%“, зборот „бруто“ се заменува со зборот „нето“, а зборот „поголема“ се заменува со зборот „помала“.

Во ставот (2) во алинејата 3 бројот „80“ се заменува со бројот „50“.

Во ставот (3) процентот „80%“ се заменува со процентот „100%“, а процентот „40%“ се заменува со процентот „60%“.

V

Во делот XXI по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Дел од средствата од став (1) од овој дел во вкупен износ од 12.500.000,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.8 „други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години. “.

Став (4) станува став (5).

Во ставот (5) кој станува став (6) по алинејата 15 се додаваат три нови алинеи 16, 17 и 18 кои гласат:

„- Green week – Берлин;

– Agro Balt – Литванија;

- Агра – Словенија.“

Ставовите (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12), стануваат ставови (7), (8), (9), (10), (11), (12) и (13).

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-5336/1
22 мај 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**д-р Кочо Анѓушев**